Согласно Член 78, став (24) од *Законот за енергетика* („Службен Весник на Република Македонија" бр.96/18), "*Правилата за балансирање на ЕЕС*" (Службен весник бр. 179/2019), "*Правила за измена и дополнување на Правилата за балансирање на ЕЕС*" (Службен весник бр. 242/2019), "*Мрежните правила за пренос на електрична енергија*" (одобрени од РКЕ со одлука бр. 02-2432/1 од 06.11.2014 година), "*ПРАВИЛАТА ЗА КУПУВАЊЕ И ПРОДАВАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА КОМПЕНЗАЦИЈА НА НЕСАКАНИТЕ ОТСТАПУВАЊА НА КОНТРОЛНАТА ОБЛАСТ УПРАВУВАНА ОД СТРАНА НА АД МЕПСО",* усвоени од Управниот Одбор на АД МЕПСО со Одлука 09-7518 од 13.12.2019 година, Барањето за отпочнување на постапка за купопродажба на електрична енергија за компензација на несаканите отстапувања на ЕЕС управуван од АД МЕПСО со бр.09-7913 од 21.12.2020 и Одлуката на Генерален Директор на АД МЕПСО за отпочнување на постапка за купопродажба на електрична енергија за компензација на несаканите отстапувања бр. 09-7913/1 од 23.12.2020, АД МЕПСО објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПОКАЖУВАЊЕ ИНТЕРЕС ЗА СКЛУЧУВАЊЕ РАМКОВЕН ДОГОВОР

До сите економски оператори кои имаат намера да учествуваат на аукциите кои ќе бидат објавувани и реализирани преку веб платформата на АД МЕПСО за купување/продавање на електрична енергија за компензација на несаканите отстапувања на контролната област управувана од страна на АД МЕПСО за 2021 година, да ја достават потребната документација содржана во член 10 од "Правилата за купување и продавање на електрична енергија за компензација на несаканите отстапувања на контролната област управувана од страна на АД МЕПСО" кои се објавени на веб старaната на АД МЕПСО, со цел да потпишат Рамковен договор.

Само економските оператори кои ќе потпишат Рамковен договор и кои ќе обезбедат финансиска гаранција во вид на банкарска гаранција или депозит (најдоцна пет дена по потпишувањето на Рамковниот договор), ќе стекнат право да учествуваат на предметните аукции на веб платформата на АД МЕПСО за купопродажба на електричната енергија за компензација на несаканите отстапувања.

Тарифите за компензација и компензациските периоди се дефинирани од страна на ЕНТСО-Е и се дадени во Табела 1 и Табела 2 соодветно:




**Табела 1. ЕНТСО-Е компензациски тарифи**

| Месец | Датум на затворање на компензацискиот период | | | Компензациски период | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | Недела | 03/01/21 | 24:00 | Четврток | 14/01/21 | 0:00 | - | Четврток | 11/02/21 | 24:00 |
| Февруари | Недела | 07/02/21 | 24:00 | Петок | 12/02/21 | 0:00 | - | Сабота | 06/03/21 | 24:00 |
| Март | Недела | 28/02/21 | 24:00 | Недела | 07/03/21 | 0:00 | - | Среда | 31/03/21 | 24:00 |
| Април | Среда | 30/09/20 | 24:00 | Четврток | 01/04/21 | 0:00 | - | Сабота | 01/05/21 | 24:00 |
| Мај | Недела | 25/04/21 | 24:00 | Недела | 02/05/21 | 0:00 | - | Вторник | 08/06/21 | 24:00 |
| Јуни | Понеделник | 31/05/21 | 24:00 | Среда | 09/06/21 | 0:00 | - | Вторник | 06/07/21 | 24:00 |
| Јули | Среда | 30/06/21 | 24:00 | Среда | 07/07/21 | 0:00 | - | Петок | 06/08/21 | 24:00 |
| Август | Сабота | 31/07/21 | 24:00 | Сабота | 07/08/21 | 0:00 | - | Понеделник | 06/09/21 | 24:00 |
| Септември | Вторник | 31/08/21 | 24:00 | Вторник | 07/09/21 | 0:00 | - | Четврток | 30/09/21 | 24:00 |
| Октомври | Среда | 31/03/21 | 24:00 | Петок | 01/10/21 | 0:00 | - | Сабота | 06/11/21 | 24:00 |
| Ноември | Недела | 31/10/21 | 24:00 | Недела | 07/11/21 | 0:00 | - | Понеделник | 06/12/21 | 24:00 |
| Декември | Вторник | 30/11/21 | 24:00 | Вторник | 07/12/21 | 0:00 | - | Среда | 12/01/22 | 24:00 |
| Јануари | Петок | 31/12/21 | 24:00 | Четврток | 13/01/22 | 0:00 | - | Среда | 09/02/22 | 24:00 |

**Табела 2. Компензациски периоди**

Количините на електрична енергија за компензација на несаканите отстапувања ќе се купуваат/продават на аукции за соодветниот компензациски период, кои ќе се спроведуваат на веб платформата на АД МЕПСО или преку доставување на понуди по електронски пат во случај на нефункционирање т.е. технички проблеми на платформата и ќе бидат дефинирани од ЕНТСО-Е (Swiss grid) пред започнување на предметниот компензациски временски период. Пред секоја аукција за купување и/или продавање на електрична енергија, АД МЕПСО ќе испрати Индивидуално барање за доставување на понуди до сите Економски оператори кои имаат склучено РД, најмалку 24 часа пред крајниот рок за доставување на понуди.

Критериум за доделување и потпишување на Индивидуален договор е најниска цена при купување на електрична енергија од страна на АД МЕПСО и највисока цена при продажба на електрична енергија од страна на АД МЕПСО за компензација на несаканите отстапувања на контролната област управувана од АД МЕПСО.

Економските оператори кои немаат досега потпишано Рамковен договор, а имаат намера да учествуваат на аукциите, треба да ја достават целокупната документација опишана во Член 10 од Правилата за компензација, да склучат Рамковен Договор и да достават финансиска гаранција со важност до 01.04.2022 година, најдоцна седум дена пред почетокот на аукцијата за периодот во кој што имаат намера да учествуваат. На економските оператори ќе им

биде доделена акредитација за пристап до веб платформата со цел учество на аукции за купопродажба на електрична енергија за компензација на несаканите отстапување.

**Првата аукција за купување/продавање на електрична енергија за компензација на несаканите отстапувања во 2021 година ќе се одржи на 12.01.2021 година и ќе се однесува за компензациски период од 00:00ч на 14.01.2021 до 24:00ч на 11.02.2021 година.**

Лица за контакт: **Ненад Јовановски** nenadj@mepso.com.mk

**Тина Манолева** tina.manoleva@mepso.com.mk

**Фросина Голабовска** frosinap@mepso.com.mk

АД МЕПСО